Бр./Nr 12-3815/2

03-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3815/1 од 09.11.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3815/1 од 09.11.2020 да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 09.11.2020 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-3815/1 од 09.11.2020 година.

Со пријавата, насловена како претставка, подносителот се обраќа до ------------------ --------------------------------------, а копија од истата е доставена и до Владата на Република Северна Македонија и до ДКСК. Подносителот се повикува на одреден претходен одговор што го добил од Агенцијата за катастар на недвижности а во врска со одредени лица на кои им се издадени имотни листови во зграда во --------, наводно без да постои правен основ за тоа. Агенцијата го известила дека тоа произлегувало од стариот електронски систем во кој имотните листови не постоела графа за запишување на правен основ, а кое што било воведено покасно. Во своето обраќање подносителот наведува дека таквиот одговор е сомнителен и упатувал на заклучок дека се сторени злоупотреби. Дополнително, подносителот наведува дека смета дека не му е соодветно одговорено на поднесеното барање до -------------------------------------------------------- и повторно бара информација за определени лица дали истите имаат доставено договори за купопродажба склучени со инвеститор во зграда во Охрид. Истовремено, подносителот бара одговор на кого се води земјиштето на кое е изградена зградата.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека во истата не се содржани јасни и конкретни наводи од надлежност на ДКСК, како и дека со истата се бара информација од друга институција – --------------------------------------------------, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**